**Предлози и коментари на НКБК на предлог текстот на Национална ИКТ стратегија со Акциски План и документот State of play**

- Националната ИКТ стратегија треба да биде чадорна стратегија која ќе ги даде насоките за понатамошна дигитализација на целото општество. За одредени прашања Националната ИКТ стратегија треба да даде само генерални насоки, додека подетално истите прашања ќе треба да се уредат со друга секторска стратегија/регулатива (како на пример НОБП која е стратегија за развој на бродбендот фиксен/мобилен во државата).

- Временскиот период од 5 години е краток доколку Националната ИКТ стратегија треба да се третира како долгорочна. Точно е тоа дека ИКТ технологијата се менува многу брзо но понатамошна дигитализација на општеството ќе предвиди формирање на нови тела како и трансформација на постојни институции за што реално ќе биде потребно доста време. Од друга страна, имајќи предвид дека согласно НОБП поврзувањето на јавните институции со оптика од страна на ЈП МРД ќе треба да заврши до крајот на 2029 година, предлагаме рокот на Националната ИКТ стратегија наместо 2025 година да биде 2029.

- Не се споменува во ниеден од трите документа формирањето и законските надлежности на НКБК, (член 71-а од Законот за електронски комуникации)

- Во сите три документа треба да се има предвид усвоеното мислење на НКБК по однос на улогата и надлежностите на идната Дигиталната Агенција[1] како и нејзината институционална соработка со НКБК, ЈП МРД, МАРнет итн.

  Ова особено се однесува за развојот на Владината оптичка мрежа. Имено, во деловите на сите три документа кои се однесуваат на Владина оптичка мрежа, треба да се предвиди:

  - За подготовка на Студијата за развој на Владина оптичка мрежа надлежна треба да биде ДА во соработка со МИСА, НКБК, ЈП МРД, МАРнет и други надлежни институции.

  - Физичката инфраструктура од Владината оптичка мрежа треба да се базира на НТОМ и затоа при подготовката на Студијата за развој на Владината оптичка мрежа треба да биде во согласност со Студијата за изводливост со НТОМ, но и обратно.

  - Владината оптичка мрежа треба да ги консолидира сите досегашни "државни" оптички мрежи со кои се поврзуваат институциите.

  - ЈП МРД треба да биде единствено надлежно тело кое по добиени насоки т.е во соработка со МИОА, ДА и НКБК ќе обезбеди консолидација на постојните државни оптички мрежи (од аспект на физичка инфраструктура[2] ), и единствено надлежно за изградба на новата физичка инфраструктура на Владината мрежа . При тоа, изградбата на нова кабелска канализација треба да се базира на усвоените препораки од страна на НКБК

[1] http://bco.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/Mislenje-na-NKBK-za-DA.pdf
[2] Оптички влакна, оптички кабли, кабелска канализација и други физички објекти во функција на мрежата

- ЈП МРД ќе треба да направи инвентаризација/попис со цел формирање на Единствен централен регистер на цела владина оптичка мрежа, согласно обрасците за попис на мрежа усвоени од страна на НКБК и истата да ја имплементира на својата ГИС платформа. Пристапот до овие податоци треба да ги утврди Владата на предлог на НКБК.

- За да се спроведе претходното ќе треба да се предвидат соодветни измени во Законот за основање на ЈП МРД.

* Исто така, потребно е :

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија, да се прикажат сите национални бродбенд таргети, согласно НОБП.

- Насловот во точката 2 да се промени во: “Connectivity and Government Infrastructure".

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија, да се истакне дека пратењето на DESI индикаторите за димензијата “Поврзливост“е законска надлежност на НКБК. Првиот ДЕСИ извештај[3] е објавен на веб страната на НКБК .

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија соодветно да се дефинира институционалното следење и собирање на податоци за другите четири димензии на DESI индикаторите.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија треба да се промени текстот „JP MRD will review the timelines and priorities stipulated in the ‘MK National Operational Broadband Plan’ for a faster implementation“. Согласно НОБП (страна 3), „Како дел од имплементацијата на НОБП, Министерството за информатичко општество и администрација ќе спроведе ревизија на секои две години на процесот на имплементација и ќе ги прилагоди постоечките или ќе воведе нови мерки врз основа на моменталната состојба во консултација со сите засегнати страни“. ЈП МРД, како надлежна институција за развој на НТОМ и изградба и управување со фиксната оптичка инфраструктура во белите зони може да предложи промена на рокови и приоритети за побрза имплементација на НОБП.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија и во документот State of play, реченицата “JP MRD has the mandate for implementing the ‘MK National Operational Broadband Plan“, треба соодветно да се измени од причина што ЈП МРД не е надлежна за имплементација на цел НОБП, туку е надлежна само во делот да изгради и да управува со фиксна оптичка инфраструктура во белите зони и да ја развива Националната транспортна оптичка мрежа. Согласно НОБП, за развојот на 5G не е предвидена државна помош а ЈП МРД нема никакви надлежности по однос на 5G.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија, да се избрише реченицата: “JP MRD will outsource all activities to the private sector, which has the required capacity and expertise in place for implementing the ‘MK National Operational Broadband Plan’ and long-term O&M in rural areas. “, бидејќи ова прашање е утврдено во НОБП.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија, реченицата : “JP MRD together with the MK telecommunications regulator AEK will have a high level supporting and steering function“, треба соодветно да се измени бидејќи недостасува улогата на НКБК.

---

[3] http://bco.mioa.gov.mk/?page_id=188

- Во сите три документа треба да се измени реченицата: “Establish a stable regulatory and legislative environment“ со “Enabling further harmonization toward stable legislative and regulatory environment“ и да се направат други соодветни измени во документите имајќи предвид дека ваква мерка е предвидена во НОБП. Исто така треба да се потенцира дека понатамошното усогласување е со цел создавање подобра околина за развојот на електронските комуникации. Улогата на Министерството за транспорт и врски е несомнено меѓу најважните бидејќи ова министерство е надлежно за регулативата со градење.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија стои реченица „DAMK will be realized as a legal entity in the form of a non-profit ‘Société anonyme (S.A.)” company, with the government owing a percentage of company shares, while the remaining ones are owned by private sector.“ НКБК е на мислење дека во Дигиталната агенција не треба да има приватен капитал.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија и во документот State of play, треба да се направат соодветни измени имајќи предвид дека во меѓувреме согласно последните измени на Статутот на ЈП МРД, платата на вработените во ЈП МРД значително е зголемена.

- Во текстот на Националната ИКТ стратегија и во документот State of play, треба да се направат соодветни измени имајќи предвид дека во меѓувреме во ЈП МРД вработени се значителен број на нови стручни луѓе .

- Во документот State of play, треба да се направат соодветни измени имајќи предвид дека согласно последниот извештај на Државен завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie_en.aspx?rbrtxt=40) просечната плата во ИКТ секторот во април 2020 била 46.493 МКД (не е 80.000 МКД, дополнително што оваа плата се наведува како плата за јуниор без никакво искуство).

- Во документот State of play, треба да се направат соодветни измени во врска со прашањето колкав број на вработени од ЈП МРД ќе треба да бидат инволвирани во имплементацијата на НОБП. Имено, овој број согласно НОБП ќе треба да се утврди со посебна Студија (а не произволно).

  Во документот State of play стои реченица „Another hurdle is the Government of MK e-procurement system, which does not comply with the technical requirements“ – потребно е дополнително појаснување на што се темели констатацијата дека владиниот систем за е-набавки не ги исполнува техничките услови и следствено, предлог за негово подобрување.

  Во документот State of play и во Националната ИКТ стратегија, стои реченица „The Government of MK lacks several hundred ICT experts including system engineers, system administrators, software developers, programmers, project managers, user support, critical skills (e.g. security)“. НКБК е на мислење дека делот за software development во јавните институции треба да се препушти на приватни компании, бидејќи приватниот сектор располага со таков вид на експертиза, со што би се обезбедила поголема конкурентност и подобар квалитет на софтверските решенија.